**ДОКОЛКУ ГИ ПОЧУВСТВУВАТЕ СИМПТОМИТЕ ВО ТЕК НА АВИОНСКИ ЛЕТ, ИЗВЕСТЕТЕ ГО ЕКИПАЖОТ И КАЖЕТЕ ИМ ЈА ИСТОРИЈАТА НА ВАШЕТО ПАТУВАЊЕ!**

**Доколку во текот на 14 дена по враќањето во земјата од Кина или други земји каде е регистрирана епидемија на ова заболување, се почувствувате болни, односно имате покачена температура, кашлате или тешко дишете, јавете се на еден од телефонските броеви на последната страна на флаерот, најблиску до местото на живеење!**
**Известете го лекарот за вашата здравствена состојба и историја на патување!**

**Вашето здравје и здравјето на вашите придружници, зависат од вашата информираност и одржување на личната и колективната хигиена!**

## Телефонски броеви за контакт:

ЦЈЗ Битола – 071261330
ЦЈЗ Велес – 071 219 278
ПЕ Гевгелија – 078 545 444
ЦЈЗ Кочани – 071 373 913
ЦЈЗ Куманово – 070 215 851
ЦЈЗ Охрид – 070 723 029
ЦЈЗ Прилеп – 076 475 747
ЦЈЗ Скопје – 071 289 614
ЦЈЗ Струмица – 072 235 543
ЦЈЗ Тетово – 075 240 464
ПЕ Гостивар – 076 365 161
ЦЈЗ Штип – 078 365 613
ИЈЗ Скопје – 078 387 194
ЗД Ало докторе – 02/15 123

Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија


Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

Instituti i Shëndetit Publik i Republikës së Maqedonisë së Veriut

Institut for Public Health of the Republic of North Macedonia
Ул. „50-та Дивизија" бр. 6, 1000 Скопје
Тел: +(389) 02-3125 044
(Фах: +(389) 02-3223 354
www.iph.mk


Институт за јавно здравје
на Република Северна Македонија

**ИНФОРМАЦИИ ЗА НАСЕЛЕНИЕТО**
**Јануари 2020 година**

## Novel Coronavirus
(2019-nCoV)

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПАТНИЦИ



## Клучни факти:

Новиот Coronavirus (2019-nCoV) е причинител на акутна вирусна респираторна инфекција, која во моментот се регистрира како епидемија во градот Вухан, Кина.
Пренос на вирусот од човек на човек е можен, иако сéуште не се знае колку лесно вирусот се пренесува меѓу луѓето.
Првичните искуства укажуваат дека постарите лица и лицата со хронични болести се изложени на поголем ризик од компликации и тешки форми на заболувањето.
Патниците кои доаѓаат од Кина, може да бидат прашани за нивната здравствена состојба и историја на патувањето, од страна на здравствените служби на аеродромот во Скопје и доколку има потреба ќе се превземат понатамошни мерки, по однапред пропишани процедури, со цел намалување на ризикот од внесување на корона вирусна инфекција.

## Кои се симптоми на заболувањето?

- треска (висока температура),
- кашлица,
- отежнато дишење.



**Болеста може да предизвика сериозни компликации кои може да ја нарушат функцијата на:**

- органите за дишење
- кардиоваскуларниот систем,
- и на бубрезите.



Болеста може да варира од лесна до тешка форма со можен смртен исход.

Лекувањето на заболените лица е симптоматско.



Нема достапна вакцина за превенција од заболување со коронавируси.

## Како патниците да се заштитат себе и другите?

**ДОКОЛКУ ПАТУВАТЕ ВО ВУХАН, КИНА ИЛИ ДРУГИ МЕСТА/ЗЕМЈИ КАДЕ ИМА ЕПИДЕМИЈА ОД ОВА ЗАБОЛУВАЊЕ, ПОТРЕБНО Е:**

Да избегнувате близок контакт со болни луѓе од респираторни инфекции;



Да избегнувате близок контакт со живи или мртви животни, пазари на животни и животински продукти;



Да не консумирате животински продукти кои не се темелно термички обработени;



Редовно и темелно да ги миете рацете со сапун и вода, најмалку 20 секунди;



Користете алкохолни марамчиња или дезинфициенси, доколку сапун и вода не ви се достапни.



## Што да правите доколку се појават симптоми на болеста?

**Ако сте патувале во Вухан, Кина, или на други места/земји каде има епидемија од новиот Coronavirus и се чувствувате болни, кашлате или тешко дишете треба:**

- Веднаш да побарате медицинска помош;
- Избегнувајте контакт со други лица;
- Не патувајте додека сте болни;
- При кашлање и кивање покријте ги носот и устата со марамче за еднократна употреба. Употребените марамчиња фрлете ги во корпа за отпадоци;
- Доколку немате марамче, покријте ги устата и носот со рака свиткана во лактот;



**Постарите лица и лицата со хронични заболувања кои се изложени на зголемен ризик од компликации, потребно е да бидат особено внимателни и доколку е можно да го одложат патувањето.**